**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4718/**

# З А П И С Н И К

**Од 225.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 17.08.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова **(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**(скајп)**,Илир Рамадани**(скајп)**,Златко Јанковски**,**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи **(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
Ивана Трајковска и д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ и Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ.

Седницата почна во 14.30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.
.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разлгледување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.

2. Разгледување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.**
Директорот на МРТ Марјан Цветковски пред присутните членови на Програмскиот совет изврши презентација на целокупната потреба за измена на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ и притоа обасни дека тековното работење во 2023 година доведе до неопходна потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година во делот на Инвестициони набавки, се со цел да се набави нова и современа опрема која во голема мера ќе го модернизира производството и емитувањето на програмата која во иднина ќе се емитува на ТВ програмските сервиси на МРТ.
Согласно Барањето за пренамена на финансиски средства со архивски број 14-3738/1 од 21.06.2023 година доставено од страна на Директорот на МТВ и на Раководителот на Сектор ТВ Техника во МТВ, а во интерес на обнова и уредување на новите студија и воведување на нови технологии, паралелно со постојната набавка на ЛЕД видео ѕидови, неопходна е итна набавка на Систем за просторно наведување на студиски камери (камера тракинг).

**ТОЧКА2:Разгледување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.**
Директорот на МРТ Марјан Цветковски согласно потребата од изменување на измена на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ презентираше и за потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година во делот на Инвестициони набавки, имено со оглед на фактот што во изминатиот период МРТ се соочуваше со континуиран недостиг на финансиски средства а притоа и со неможност за набавка на нова како и обнова на застарената аудио и видео опрема и за реконструкција на работните простории и студијата, оваа измена на планот се состои токму од негово дополнување со нови ставки и тоа во најголем обем во делот за Инвестициони набавки и Тековно и инвестиционо одржување на градежни објекти.
Во продложение од излагањето Директорот на МРТ објасни поединечно каде се планира и за кои ставки да се дополнат во Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац постави прашање дали се планираат средства со овој план за дигитализација на архивата на МРТ.
Директорот на МРТ Марјан Цветковски одоговри дека во овој план не бидејќи дигиталзиацијата подразбира повеќегодишна јавна набавка односно тој тендер не може да заврши во една година, но дека се бараат начини и најверојатно ќе се најде начин за оваа важна активност во оваа година, а истата да биде спроведена реално во текот на наредните години.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со прашање по однос на разликата што треба да е добие МРТ со ребалансот на државниот буџет, дали има добиено директорот ветување дека МРТ ќе ги добие средтсвата.
Директорот одговори дека на серија состаноци во МИОА и во сериозни преговори и со вработени во Министерството за финансии кои го водат трезорот и буџетот од кои беше потврдено дека по влегувањето на законот во сила, и по усвојување на завршната сметка на буџетот од Владата на РМ кој е во постапка дека ќе се добие тој 1% од даночните приходи за предходната година.Значи се очекува само носење на ребаланс на државниот буџет и треба да ги префлат средствата на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со прашање дали се палнира усогласување со минималната плата и измена на Колективниот договор на МРТ за усогласување на платите.
Директорот на МРТ одговори дека се планира и дека им средства планирани во Годишниот финансиски план за истото.

Седницата заврши во 15.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател